ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ

Во однос на прашањето во врска со режимот на пропишување на одредени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот, Ве информираме за следното:

- Режимот на пропишување и издавање на лековите од позитивната листа, со кој се одредува дали лекот треба да биде пропишан од матичен лекар или пак е потребна препорака од лекар – специјалист, односно субспецијалист или конзилијарно мислење, е одреден со Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ од 2007 година (Позитивната листа). Од тогаш нема промени во одлуката за Позитивна листа.

- Позитивната листа се усвојува по предлог на Комисијата за позитивна листа на лекови на Министерството за здравство и која што е оформена од Министерот за здравство.

- Конзилијарното мислење, односно специјалистичкото мислење, содржи прецизен податок за определена дијагноза и соодветната терапија за истата дијагноза, со точно назначено времетраење на терапијата со одреден лек.

- Осигурениците ја подигаат препорачаната терапија, за која што според режимот за пропишување и издавање на лекови е потребно Конзилијарно мислење врз основа на едно Конзилијарно мислење  кое го опфаќа потребниот определени период за терапија со одреден лек, а врз основа на рецепт пропишан од матичен лекар согласно Позитивната листа.

- Обврската на Фондот е да ја почитува и обезебедува примена на позитивната листа на сите нивоа на здравствена заштита.

- Денеска се одржа состанок на кој што учествуваа преставници од ФЗОМ, Министерството за Здравство, Бирото за лекови, Лекарската комора и Фармацевтската комора. На состанокот се договори состанок на овие институции со Комисијата за позитивна листа. Се даде рок од 15 дена во кој што Лекарска и Фармацевстка комора ќе достават писмено свои приговори на режимот за пропишување на одредени лекови, по што тоа ќе се разгледа.

Македонија 6б, 1000 Скопје • Тел: 02 3289.000 • Факс: 02 3289.048
www.fzo.org.mk